КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-975/1
10.09.2019 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 26-894/1
11-9 2019 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

ПОМЕЃУ

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

И

ИНСТИТУТ КОНФУЦИЈ, УНИВЕРЗИТЕТ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје

Скопје, септември, 2019

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА склучен на 10.9.2019 год. помеѓу:

1. КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, претставуван од Претседателот на Комората, Проф. д-р Миле Димитровски
и
2. ИНСТИТУТОТ КОНФУЦИЈ при УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во СКОПЈЕ, претставуван од Ректорот, проф. д-р Никола Јанкуловски, македонскиот директор, проф. д-р Влатко Стоилков и кинексиот директор, проф. д-р Лијао Веи, во понатамошниот текст Институтот.

## Член 1 – ЦЕЛИ

Со овој Меморандум се утврдува рамката во која се реализира соработката меѓу потписниците за работи од заеднички интерес базирани на искористувањето на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови насочени кон унапредувањето на едукативните, културните, научно-истражувачките и апликативните активности од областа на инженерството.

## Член 2 – ПОЛЕ НА СОРАБОТКА

Меѓусебната соработка на потписниците ќе се реализира во различни домени од делокругот на нивната работа, со посебен акцент на следните полиња на соработка:

1. Консултантски и експертски активности базирани на професионалните, техничките и просторните можности на потписниците;

2. Едукативни активности, реализирани преку:

а) континуирано образование по кинески јазик за членовите и вработените во Комората, во организација на Институтот;

б) Посети на членови на Комората на Југозападниот универзитет за финансии и економија од Ченгду, НР Кина како партнерска институција на УКИМ, како и други универзитети во Кина, за потребите на членовите на Комората, но и за унапредување на интеркултурната и едукативната соработка;

в) Учество на членовите на Комората на семинари, курсеви и работилници за обуки во полето на информациските технологии за потребите на вработените во Институтот;

г) Семинари и работилници организирани од и за потписниците и за трети страни, домашни и странски, од домен на опфат со овој Меморандум;

3. Работа на развојно-истражувачки проекти, реализирани преку соработка на експертски и професионални тимови определени од потписниците;

4. Стипендирање на членови на Комората, чие поле на интерес е во делокругот на работа на Меморандумов;

5. Обезбедување пракса за членовите на Комората, како и останати студенти запишани на студиски програми од интерес на потписниците;

6. Наградување на членови на Комората, кои постигнале забележителни иновациски резултати во делокругот на работа опфатен со Меморандумов;

7. Взаемно информирање за настани (предавања, семинари и научни презентации и културни активности) во организација на потписниците;

8. Размена на информации за членување во домашни и меѓународни професионални здруженија, учество, координација и заеднички настап во работата на истите;

9. Активности насочени кон одбележувањето на разни прослави, годишнини, јубилеи, културни активности и други настани.

10. Потписниците на Меморандумот ќе изготват заеднички процедури и други акти во врска со реализацијата на взаемната соработка.

Чен 3 – КООРДИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА

Потписниците на Меморандумот ќе се состануваат по потреба, на барање на било кој потписник и ќе расправаат по прашања поврзани со остварување на целите на Меморандумот како и за другите дополнителни акти што ќе произлезат од истиот.

Член 4 – ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето. За конкретна реализација на одредбите од Меморандумот по потреба ќе се изработуваат дополнителни договори и други правни акти.

Меморандумот е изготвен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) примерока за секој потписник – една копија на македонски јазик, а втората на англиски јазик.

Комора на овластени архитекти и овластени инженери:

Проф. д-р Миле Димитровски

Институт Конфучиј при УКИМ:

Проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор

Prof. d-r Liao Wei, Chinese director

Проф. д-р Влатко Стоилков, МК Директор